Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59та седница одржана на ден 14.01.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 09-954 од 01.03.2021 година, оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот – Изјави за интереси поднесена од пратеник во Собранието на РСМ ----- ------- **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија постапува по предмет со број 09-3307/1 од 01.03.2021 година отворен по сопствена иницијатива врз основа на евиденцијата во Изјавите за интереси против ----- ------- пратеник во Собранието на РСМ, затоа што истовремено ја извршува и функцијата член на Надзорен одбор во ------ -- ------ -- -----, што е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, Одлука за констатираната состојба беше доставена до службеното лице ----- -------, со која се извести и се побара од него во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, со постапување на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на пратеник во Собранието на РСМ или
2. Да се откаже од извршување на функцијата член на Надзорен одбор во ------ -- ------ -- -----.

Согласно член 114 став 3 в.в член 44 став 4, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се поведе постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице ----- -------, пратеник во Собрание на РСМ, поради тоа што истовремено ја извршува функцијата член на надзорен одбор во ----- -- ----- -- -----.

Лицето ----- -------, ја извести Државната комисија дека не смета дека е во состојба на судир на интереси, затоа што од моментот на стапувањето на функцијата пратеник во Собранието на РСМ, не извршувал друга функција, не учествувал на седници на погоре споменатиот надзорен одбор и не примал никакви други надоместоци. Исто така, во прилог достави Барање за констатирање на престанок на функцијата член на Надзорен одбор за ------- -------- -------- ------ ------ ---.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК во неколку наврати се обрати до УЈП со барање податоци, и тоа податоци за ПДД – ГДП за 2020 година за службеното лице ------ -------, преглед на податоци со кои Управата за јавни приходи располага за остварени приходи исплатени од исплатувачи во 2020 година и пресметки поднесени од самите физички лица преку системот е-Персонален во 2020 година за лицето ----- -------.

Управата за јавни приходи ја извести Државната комисија дека лицето ----- -------, покрај доход од работа има остварено и друг доход од работа , но притоа не е можно да се прецизира поточно изворот на доходот.

Разгледувајќи ги вака прибраните податоци и информации, Државната комисија констатира дека лицето ----- ------- во времето кога било избрано и ја вршело функцијата Пратеник во Собранието на РСМ истовремено било именувано и за член на погоре споменатиот надзорен одбор, поради што Државната комисија го потврди својот заклучок за констатирана состојба на судир на интереси, односно кумулација на функции.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, како и фактот дека службеното лице побарало да му биде констатиран престанок на функцијата член на надзорен одбор за ------- -------- -------- ------ ------ ---, Државата комисија одлучи да го запре постапувањето по предметот и истиот да го затвори и архивира, , затоа што Владата на РСМ има донесено Решение за утврдување на престанок на мандат член на Надзорниот одбор за ------- -------- -------- ------ ------ ---.

Со таквото Решение, иако се надминуваат сторените повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, Државната комисија до Прекршочната комисија при Државната комисија достави Барање за поведување на прекршочна постапка заради сторениот прекршок.

Поради се погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: В.Г., член на ДКСК